Македонија Денес, 23.3.2000

НАЈЗНАЧАЈНИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ ВО '99, СПОРЕД „МАКЕДОНСКО ВРЕМЕ"

# Богат културен живот

*Повеќе од 90 новинари во големата анкета на „Македонско време", ги избраа најзначајните настани, личности и дела во Македонија во минатата година во сите области на општественото битисување*

**ЛИТЕРАТУРА И ИЗДАВАШТВО**

Книгите „Светила незаодни" од Петар Илиевски, „Мртвица" од Матеја Матевски, „Скопје - паралели" од Киро Дојчиновски, „Богот на малите нешта" од Арундати Рој и „Тајниот рицар на светата книга" од Антон Дончев се избрани за најзначајни издавачки проекти во Македонија минатата година.

Како нај - настан во областа на литературата минатата година е изделено одбележувањето на годишницата од раѓањето на Крсте Петков Мисирков, а по него, издавањето на „Лакримариј" од Петре М. Андреевски, „Мртвица" од Матеја матевски, првиот компакт диск со поезија на Петре Бакевски „Несоница", „Историјата на македонската нација" од Блаже Ристовски и преводот на „Ајнеида" од Вергилиј.

**ЛИКОВЕН ЖИВОТ**

Ретроспективната изложба на Ордан Петлевски во Музејот за современа уметност привлече најголемо внимание на јавноста, а по неа, забележливо место заземаа изложбите на Вангели, Димитрова и Тошевски во Стокхолм, настапот на Оливер Мусовиќ на Истанбулското биенале, изложбата „Секогаш повеќе од апокалипса" на Сузана Милевска во ИЗИС, монографската изложба на Стефан Маневски и „Првото пип -шоу во градот".

**ТЕАТАР**

Претставите „Поблиску" од Марбер во режија на Слободан Унковски и „Македонска крвава свадба" од Черндрински во режија на Љупчо Ѓорѓиевски се избрани за најзначајни настани во области на театарскиот живот во Македонија во изминатите 12 месеци. Следува амгажманот на д-р Јелена Лужина во неколкуте акции поврзани со театарот кај нас и премиерите на „Носорог" од Јонеску во режија на Љубиша Георгиевски и „Платонов" од Чехов во режија на Димитар Станковски.

**МУЗИКА**

Шест настани од музичкиот живот рамноправно го делат епитетот „нај" во минатата година: Скопскиот џез фестивал, гостувањето на Херби Хенкок, гостувањето на Балетот при МНТ во Тајван, гостувањето на диригентот Емил табаков, премиерата на „Боеми" и концертот на виолинистот Џулијан Рахлин од Австрија во рамките на „Охридското лето".

**ФИЛМ**

Интернационалниот филмски фестивал Скопје '99 беше најзабележителен настан од област ана филмот лани. Следуваат монографијата „Историја на македонскиот филм" на Мирослав Чепинчиќ, јапонскиот филм „По животот", воведувањето на наградата „Кругот не е тркалезен" во Венеција, инспирирана од филмот „По дождот" на Милчо Манчевски, реставрираниот филм „Погребот на митрополитот Емилијанос од Гравена" на браќата Манаки и активноста на Градски кина.